


# ПОКАЖУВАМ СОЧУВСТВО

**Автор на пиктограми: Sergio Palao Извор: https://arasaac.org/ Лиценца: CC (BY-NC-SA) Автор на материјалот: ITSS- LAII**



Сочувство е разбирање и споделување на чувствата што ги имаат другите.





Ја знаеш ли поговорката „да прошеташ во чевлите на некој друг“? Што значи тоа?



Тоа не значи дека треба да ги облекуваме чевлите на нашите другари.



Тоа значи дека треба да размислиме како ние ќе се чувствуваме да сме на нивно место.





Кога покажуваме сочувство, ние гледаме со очите на другите.





Слушаме со ушите на другите.





Чувствуваме со срцето на другите.



Јас знам дека покажувам сочувство кога ќе застанам и ќе размислам како се чувствува мојот другар.






Јас можам да покажам сочувство ако разговарам со мојот другар кога е осамен.





Можам да покажам сочувство ако му помогнам на мојот другар кога е повреден.




Кога покажувам сочувство, покажувам колку јас се грижам за моите другари.